# УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ
# FAMOSAN®/ФАМОСАН 10 mg филм-обложени таблети
# (famotidine)

**Внимателно прочитајте го целото упатство пред да го земете лекот.**
Овој лек се издава без рецепт. И покрај тоа, треба да го употребувате претпазливо за да Ви биде што повеќе од корист.
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Советувајте се со фармацевт ако Ви се потребни дополнителни податоци.
- Ако симптомите на Вашата болест не се подобрат во текот на 14 дена, тогаш мора да го известите Вашиот доктор.
- Ако некоја од несаканите појави стане сериозна или ако забележите несакана појава која не е наведена во ова упатство, Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевтот.

**Упатството содржи:**

1. Што претставува Фамосан и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да употребите Фамосан
3. Како да се употребува Фамосан
4. Можни несакани дејства
5. Како да се чува Фамосан
6. Дополнителни информации

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ФАМОСАН И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Фамосан ги олеснува симптомите на жиговина и на стомачна непријатност. Клинички докажано, го контролира лачењето стомачна киселина во период од 9 часа во текот на денот или во период од 12 часа во текот на ноќта. Активната состојка на овој лек е фамотидин. Тој спаѓа во групата лекови наречени $H_2$-блокатори. За разлика од антацидите, фамотидинот го контролира лачењето прекумерна киселина и влијае на причината за појава на болка и на непријатност.

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ ФАМОСАН

**Немојте да употребувате Фамосан ако:**
- сте алергични на фамотидин или на некоја состојка на лекот;
- сте преосетливи на други $H_2$-блокатори (лекови за контрола на создавањето вишок желудочна киселина).

*Не употребувајте Фамосан ако нешто од горенаведеното се однесува на Вас. Ако не сте сигурни, разговарајте со Вашиот доктор или со фармацевт пред да го употребите лекот.*

**Бидете особено претпазливи со Фамосан ако:**

- ненадејно сте загубиле телесна тежина, што е поврзано со диспепсија;
- сте средовечни или ако сте постари и имате диспептични симптоми по првпат или симптоми кои неодамна се појавиле;
- имате бубрежни проблеми или проблеми со црниот дроб;
- имате некоја друга болест поради која редовно го посетувате Вашиот доктор;
- имате проблеми со голтањето или ако имате постојани стомачни болки;
- сте бремени или ако доите.

Вашиот доктор може да Ви ја провери крвната слика и функцијата на црниот дроб доколку сте земале високи дози Фамосан подолго време.
Важно е да не го прекинувате нагло земањето на лекот Фамосан без да разговарате со Вашиот доктор доколку имате чир подолго време.

**Употреба на други лекови**
*Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевтот ако употребувате или ако неодамна сте употребувале други лекови, вклучувајќи и лекови добиени без рецепт.*
Особено е важно да го информирате докторот ако земате:
- калциум карбонат (кога се применува за лекување високо ниво на фосфати во крвта – хиперфосфатемија, кај пациенти на дијализа).

Фамосанот не покажал интеракција со други лекови. Можеби другите лекови коишто Ви ги препишал докторот се причина за Вашите симптоми. Ако земате други лекови, посоветувајте се со Вашиот доктор пред да земете Фамосан.

**Земање Фамосан со храна и со пијалак**
Таблетите Фамосан може да ги земате со или без храна.

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот доктор или со фармацевт пред да земете каков било лек.*
Пред да почнете да употребувате Фамосан, известете го Вашиот доктор ако сте бремена, ако планирате да забремените или ако доите. Лекот Фамосан не треба да се применува кај бремени жени и кај доилки.

**Возење и ракување со машини**
Фамосан не влијае врз способноста за возење автомобил или за ракување со машини.

**Важни информации за некои состојки на Фамосан**
Фамосан содржи **лактоза.** Ако Вашиот доктор Ве известил дека не поднесувате некои шеќери, разговарајте со него пред да го земете овој лек.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА ФАМОСАН

**Проверете ја следната табела за да видите колку лек треба да земете.**

- Повторете ја дозата доколку симптомите се вратат, максимум до 2 таблети во тек на 24 часа.
- Не го земајте лекот подолго од 2 недели континуирано доколку не поминуваат симтомите на прекумерна киселина во желудникот, бидејќи тоа може да укажува на друг проблем.
- Само за перорална употреба.
- Не земајте повеќе од препорачаната доза којашто е прикажана на следната табела:

| **Возраст** | **Доза** |
|---|---|
| **Возрасни, постари лица и деца над 16-годишна возраст** | Голтнете 1 таблета за да ги олесните симптомите на жиговина, лошо варење или на прекумерна киселина во стомакот.<br><br>Овие симптоми може да ги спречите кога знаете дека се предизвикани од храна и од пијалаци земајќи 1 таблета 15 минути пред јадење. |
| *Доколку симтомите не поминуваат подолго од две недели, или доколку се влошуваат, мора да се советувате со доктор или со фармацевт.* | |

**Употреба кај деца**
Овој лек не се препорачува кај деца под 16-годишна возраст.

**Ако сте зеле поголема доза Фамосан отколку што треба**
Ако сте зеле поголема доза отколку што треба, побарајте совет од Вашиот доктор или од фармацевт. Земете го со Вас упатството и пакувањето на лекот.

**Ако сте заборавиле да земете Фамосан**
Фамосан се зема по потреба, за ублажување на симптомите. Не земајте одеднаш повеќе од максималната единечна доза (2 таблети).

*Доколку имате дополнителни прашања за употребата на овој лек, консултирајте се со Вашиот доктор или со фармацевт.*

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Овој лек обично не предизвикува никакви несакани дејства.
Сепак, во некои случаи може да се појават следните симптоми:

**Многу ретко:**

- алергиска реакција, на пример, чешање, исип, оток на лицето, болка во зглобовите, кус здив или несвестица;
- опаѓање на косата.

**Ретко:**

- главоболка и вртоглавица;
- сува уста;
- гадење, повраќање, надуеност на стомакот и непријатност;
- запек или дијареја;
- губење апетит или замор;
- жолтица (пожолтување на кожата).

**Престанете да го земате лекот и побарајте итна медицинска помош ако:**
- крвните тестови покажуваат намалување на бројот на крвни клетки и влошување на болеста на црниот дроб (ова е пријавено исклучително ретко и можеби не е последица од лекот).
*Ако кое било несакано дејство станува сериозно или ако забележите несакано дејство коешто не е наведено во ова упатство, Ве молиме за тоа да го известите Вашиот доктор или фармацевтот.*

## 5. КАКО ДА СЕ ЧУВА ФАМОСАН

Лекот чувајте го на места недостапни за децата!
Овој лек не бара посебни услови на чување.
Не употребувајте Фамосан по датумот на истекот на рокот на употреба, наведен на пакувањето. Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец.
Лековите не треба да се исфрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи Фамосан**

- Активна супстанција: фамотидин.

Една таблета содржи 10 mg фамотидин.

- Помошни супстанции: лактоза монохидрат, микрокристална целулоза, колоиден анхидричен силициумов диоксид, прежелатинизиран скроб, магнезиум стеарат, хипромелоза, титан диоксид (E171) и макрогол 400.

**Изглед на лекот Фамосан и содржина на пакувањето**
Тркалезни, бели, биконвексни, филм-обложени таблети, со пресечна линија на едната страна.
Пресечната линија е наменета за полесно кршење на таблетата за да се олесни голтањето на лекот.
Таблети се спакувани во блистер (PVC/Aluminium), секој содржи 10 таблети.
Кутијата содржи 20 таблети (2 блистера) и упатство за корисникот.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава само во аптека и без лекарски рецепт (БР).

**Број и датум на решението за промет**

**Производител и носител на одобрението за ставање на лекот во промет**
АЛКАЛОИД АД Скопје
бул. Александар Македонски 12
1 000 Скопје, Република Македонија
тел.: +389 2 31 04 000
факс: +389 2 31 04 021
www.alkaloid.com.mk

**Датум на последната ревизија на упатството**
Ноември, 2018 г.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ